Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 09.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | вредност |
| 02 | -955/7 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 12-139/2
23.02.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5. седница одржана на 25.01.2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Демографија", втор циклус едногодишни студии на Природно математички факултет при универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Демографија", втор циклус едногодишни студии на Природно математички факултет при универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по демографски науки,** научно-истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Демографија, научно - истражувачка област: Општа демографија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет на Природно математички факултет, Скопје, за организирање втор циклус едногодишна студиска програма „Демографија" на 08.07.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото

образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 3. седницата одржана на 12.01.2016 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 5. седница одржана на 25.01.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков